Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 и член 82 став 1 од Уставот на Република Македонија, вршителот на функцијата претседател на Република Македонија и претседател на Собранието на Република Македонија, издава

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ ПРАВА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 мај 2004 година.

Бр. 07-1932/1
4 мај 2004 година
Скопје

Вршител на функцијата
Претседател
на Република Македонија,
Претседателот
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ ПРАВА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА**

Член 1

Во Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2002 и 17/2003), во членот 10 став 2 зборот „две“ се заменува со зборот „пет“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.